Врз основа на член 37 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 106 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 април 2022 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за запирање на постапка**

1. Постапката поведена по Приговорот поднесен од ЕУРОБИЛДИНГ 2012 ДООЕЛ Охрид УП2 бр. 09 – 30/22 од 28 февруари 2022 година СЕ ЗАПИРА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЕУРОБИЛДИНГ 2012 ДООЕЛ Охрид до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Приговор УП2 бр. 09 – 30/22 од 28 февруари 2022 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-47 од 11 февруари 2022 година издадено од КЕЦ Охрид.

ЕУРОБИЛДИНГ 2012 ДООЕЛ Охрид на 20 март 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Изјава во која изјавува дека го повлекува поднесениот Приговор.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09-30/22**
**21 април 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**